# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

## Глава I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет
### Член 1

Со овој закон се уредува основањето, организација, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и раководењето на Управата за водење на регистарот на задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст: Управата), структурата, содржината, податоците и начинот на водење на регистарот- на задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст: РЗСО), условите за негово користење, регистрацијата на пријави, одјави и промени во задолжително социјално осигурување, размената на податоци помеѓу надлежните органи, институциите и другите субјекти, како и правата и обврските на субјектите кои учествуваат во задолжително социјално осигурување, овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето и обработката и заштитата на податоците во врска со надлежностите на Управата кои произлегуваат од овој закон.

### Цел на законот
### Член 2

Целта на овој закон е да се воспостави единствен регистарски систем на управување и евиденција на сите податоци поврзани со системот на задолжително социјалното осигурување која ќе придонесе за ефикасно остварување на правата и обврските кои произлегуваат од таквото осигурување.

### Примена на законот
### Член 3

(1) Овој закон се применува за сите прашања поврзани со евиденцијата на задолжително социјалното осигурување на субјектите кои учествуваат во задолжително социјално осигурување.
(2) За прашањата во однос на евиденцијата на задолжителното социјалното осигурување кои не се уредени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, се применуваат посебните закони.
(3) Во прибирањето, обработката, користењето, размената и чувањето на податоците, се применуваат одредбите од законот кој ја уредува заштитата на личните податоци.
(4) При пријавувањето на податоците во електронски облик и утврдувањето на автентичноста на податоците и идентитетот на потписникот се применуваат одредбите од законот кој го уредува и регулира електронското работење и употребата на податоците во електронски облик и електронски потпис.
(5) Во однос на создавањето, складирањето и обработката на податоци и документи во електронска форма, електронската идентификација и доверливите услуги се применува законот со кој се регулираат електронските документите, електронската идентификација и доверливите услуги и прописите донесени врз основа на овој закон.
(6) За сите прашања кои не се уредени со овој закон, ниту со посебните закони на кои упатува овој закон се применува Законот за општата управна постапка.

### Поимник
### Член 4

Во смисла на овој закон, под поимот:
1. „Регистар на задолжително социјално осигурување“ се подразбира регистар на податоци за сите субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување.
2. „Субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување“ се осигурениците и обврзниците за пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување.

3. „ИС на РЗСО“ подразбира централен информационен систем преку кој се воспоставува и се води РЗСО.
4. „Задолжително социјално осигурување“ подразбира осигурување на физички лица кои се корисници на права кои произлегуваат од него согласно закон и за која цел задолжително се плаќаат придонесите за:

- пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата;
- задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
- стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење;
- здравствено осигурување;
- здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување; и
- осигурување во случај на невработеност.

5. „Осигуреник“ се подразбира физичко лице задолжително осигурено според законите кои го уредуваат системот на задолжително социјално осигурување, кој е и обврзник за плаќање на придонеси кога во негово име и за негова сметка се плаќаат придонесите, како и физичките лица кои стекнуваат статус на осигурени лица врз основа на таквиот статус на осигуреникот согласно закон.
6. „Обврзник за пресметка и уплата на придонесите“ е работодавач, самовработено лице, индивидуален земјоделец, верско службено лице, државна институција, орган или организатор кој има обврска на товар и за сметка на обврзникот за плаќање на придонеси да ги пресмета, задржи и уплати придонесите;
7. „Физичко лице“ се подразбира лице кое е запишано во евиденција на матичниот број на граѓанин и а матичниот број на странец и/или во единствениот регистар на даночни обврзници во Република Северна Македонија согласно закон.
8. „Правно лице„ се подразбира субјект кој е основан или има седиште, подружница или претставништво во Република Северна Македонија и е регистрирано во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија.
9. „Институции за задолжително социјално осигурување“ се Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.
10. „Институции и други субјекти надлежни за регистрација во РЗСО“ се подразбираат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за култура, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот за пензиското осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за млади и спорт, установите од областа на образованието, затворите, Комората на трговци на Република Северна Македонија и други институции и субјекти кои се вклучени во пресметката и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување.
11. „Други институции вклучени во задолжително социјално осигурување“ се подразбираат Управата за јавни приходи, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Управа за водење на матични книги, Министерството за информатичко општество и администрација, други институции како и физички и правни лица со јавни овластувања кои во рамките на своите надлежности се вклучени во задолжителното социјално осигурување, односно од чии регистри, евиденции и бази на податоци се преземаат податоци во РЗСО.
12. „Регистрација“ се подразбира идентификација на физичко и правно лице и секој упис, промена и/или бришење на податоци за субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување во РЗСО.
13. „Регистрационен агент“ се подразбираат субјект кој врз основа на овластување од Управата, по претходно исполнети услови утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, може да има пристап и да врши регистрација во РЗСО.

14. „Единствен регистарски број“ се подразбира нумеричка ознака која е единствена за секој осигуреник и се определува и доделува од Управата при регистрација на субјектот во РЗСО.
15. „Изворник на податоци“ се подразбира надлежен орган кој прв пат врши упис, промена или бришење на податоци и обезбедува чување на податоците врз основа на закон и истиот има својство на контролор и обработувач на податоците од поединечните бази на податоци.

### Начела
### Член 5

Во вршење на работите поврзани со водење на РЗСО, Управата се раководи од следниве начела:

- Законитост, кое значи обврска за водење на РЗСО во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори,
- Заштита на личните податоци, кое значи обврска за постапување со личните, службените и класифицираните податоци на начин и под услови утврдени со закон,
- Транспарентност, кое значи обврска за обезбедување на пристап до информации од јавен карактер на начин и под услови утврдени со закон,
- Економичност, кое значи обврска за водење на РЗСО и внесување и користење на податоците со што помалку трошоци,
- Ефикасност, кое значи обврска за водење на РЗСО и внесување и користење на податоците на наједноставен можен начин и без одлагање,
- Независност, што значи дека Управата е целосно независна во однос на извршување на своите законски надлежности, и
- Отчетност, што значи обврска за периодично известување на надлежниот министер и Владата на Република Северна Македонија за својата работа.

## Глава II
## ОРГАНИЗАЦИЈА, РАКОВОДЕЊЕ И НАДЛЕЖНОСТИ НА УПРАВАТА

### Организација на Управата
### Член 6

(1) Управата е орган во состав на Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст: Министерството), со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник, и законска надлежност самостојно да спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.
(2) Управата своите надлежности ги спроведува на целата територија на Република Северна Македонија. Седиштето на Управата се наоѓа во Скопје.

### Финансирање на Управата
### Член 7

(1) Средствата за работа на Управата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, сопствени приходи од надоместоци, донации и други извори, согласно со закон.
(2) Сопствените приходи од надоместоци ги опфаќаат надоместоците кои ги плаќаат субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување за добивање на потврди од РЗСО, како и годишниот надомест кој го плаќаат адвокатите, сметководителите и овластените сметководители како регистрациони агенти за регистрација во РЗСО.
(3) Висината на надоместоците од ставот (2) на овој член се утврдува со Тарифа на Управата, која ја донесува директорот, а за која согласност дава Министерството.

### Раководење со Управата
### Член 8

(1) Со работата на Управата раководи директор кој го именува и го разрешува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на социјалното

осигурување (во натамошниот текст: министерот) со мандат од 4 години и право на еден реизбор.
(2) Директорот се именува во отворена, фер и транспарентна постапка во која се избира најдобриот кандидат кој ги исполнува условите.
(3) За именување на директорот се објавува јавен оглас на веб страниците на Владата, Министерството и Управата.
(4) Директорот за својата работа и работата на Управата е одговорен пред Владата и пред министерот.
(5) За директор, може да биде именувано лице кое:

- има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование;
- има најмалку десет години работно искуство во струката по дипломирањето;
- има најмалку 5 години работно искуство на раководна позиција во јавен или приватен сектор;
- во моментот на именувањето нема правосилна судска пресуда која го прави недостоен за вршење на функцијата директор; и
- да поседува меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на странски јазик.

(7) Директорот со решение е должен да овласти раководен административен службеник кој ќе го заменува во случај на негово отсуство.
(8) Овластениот раководен административен службеник од став (7) на овој член ги извршува сите надлежности поврзани со непречено функционирање на Управата.

## Надлежности на директорот
## Член 9

(1) Директорот ги има следниве надлежности:

- раководи со Управата;
- ја координира работата на Управата;
- ја претставува и ја застапува Управата;
- го организира и е одговорен за законитоста и ефикасноста во работењето на Управата;
- го планира и извршува буџетот на Управата;
- презема финансиски обврски и плаќања на Управата;
- одговорен е за јавните набавки на Управата;
- обезбедува делегирање на обврските и одговорностите на вработените во Управата;
- дава предлози за управување и располагање со имотот на Управата;
- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управата согласност со закон;
- одлучува за правата и обврските од работен однос на вработените во Управата;
- одговора за управување со проекти на Управата и координација на активностите на проекти во кои учествува Управата;
- донесува финансиски и стратешки планови, како и годишен план за работа на Управата и го организира нивното спроведување;
- донесува извештај за спроведување на годишниот план за работа на Управата и други извештаи за работите од надлежност на Управата до надлежните институции;
- донесува акти во првостепена управна постапка и правилници, решенија, наредби, упатства, планови, програми и други видови на акти за извршување на работите од надлежност на Управата и други поединечни акти за кои е овластен со закон;
- обезбедува услови за почитување на начелата во работата на Управата; и
- врши други работи утврдени со закон.

(2) Вршењето на функцијата директор е неспоива со вршење на друга јавна функција односно избран или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, службено лице во државните органи, во општинската администрација и администрација на Град Скопје, како и вршење на функција во политичка партија.

## Должност за извршување на задачи и етичко однесување

Член 10

(1) Директорот на Управата е должен да постапува согласно Уставот, законите, стратешките и програмските приоритети на Управата, стратешките и програмските приоритети на Владата и Министерството.

(2) При извршувањето на своите должности и задачи, директорот на Управата е должен да се придржува кон највисоките стандарди за личен интегритет и професионална етика и да ги почитува прописите кои ги уредуваат овие стандарди.

(3) Директорот е должен да ја пријави имотната состојба и судир на интереси и да ја пријави промената во имотната состојба и интереси согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

(4) Директорот не смее да користи или да дозволи да се користат ресурси или средства на Управата за приватни или партиски активности, ниту за цели на други органи на управата, институции, субјекти и лица, освен ако со закон поинаку не е уредено.

Престанок на мандатот по сила на закон и разрешување од должност на директорот

Член 11

(1) Мандатот на директорот на Управата ќе престане пред истекот на неговиот мандат, по сила на закон:

- во случај на смрт;
- на негово барање;
- ако ги исполни условите за старосна или инвалидска пензија согласно закон;
- ако делумно или целосно му е одземена деловна способност согласно закон;
- ако со правосилна пресуда е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или
- се открие дека дал лажни информации во постапката за неговото именување.

(2) Владата може да го разреши од должност директорот и по сопствена иницијатива или на предлог на министерот, доколку директорот не ги извршува надлежностите, не ја извршува должноста за извршување на задачи и етичко однесување согласно закон.

(3) Во случаите од ставот (1) и (2) на овој член Владата донесува одлука за констатирање на престанокот на мандатот, односно за разрешување од должност на директорот на првата наредна седница од денот кога се стекнати условите за престанок на мандатот, односно од дознавањето дека се стекнати услови за разрешување.

(4) Во случај на престанок на мандатот односно разрешување од должност на директорот, а истовремено не е именуван нов директор, Владата на Република Северна Македонија е должна да именува вршител на должност директор се до изборот на нов директор во постапка утврдена со овој закон, но не подолго од шест месеци од денот на престанок на мандатот односно разрешување од должност на директорот.

Статус на вработените во Управата

Член 12

(1) Вработените во Управата кои извршуваат административни работи имаат статус на административни службеници, и за нив во однос на прашањата поврзани со работниот однос се применува Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

(2) Вработените во Управата кои вршат помошно-технички работи имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат општите прописи за работни односи.

(3) Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник во Управата се вреднува на следниов начин:

- Б1 - раководен службеник од прво ниво 671 бодови;
- Б2 - раководен службеник од второ ниво 645 бодови;
- Б3 - раководен службеник од трето ниво 528 бодови;
- Б4 - раководен службеник од четврто ниво 450 бодови;
- В1 - стручен службеник од прво ниво 365 бодови;
- В2 - стручен службеник од второ ниво 320 бодови;

- В3 - стручен службеник од трето ниво 300 бодови;
- В4 - стручен службеник од четврто ниво 261 бодови;
- Г1 - помошно-стручен службеник од прво ниво 255 бодови;
- Г2 - помошно-стручен службеник од второ ниво 245 бодови;
- Г3 - помошно-стручен службеник од трето ниво 238 бодови и
- Г4 - помошно-стручен службеник од четврто ниво 230 бодови.

(4) За останатите прашања во врска со платата, надоместоците на плата и додатоците на плата се применува Законот за административни службеници и општите прописи за работните односи.

### Надлежности на Управата
### Член 13

Управата е надлежна за:

- воспоставување, водење и одржување на база на податоци на РЗСО;
- евиденција на осигуреници и останати субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување;
- доделување единствен регистарски број на сите осигуреници кои по било кој основ влегуваат во системот на задолжително социјално осигурување и по тој основ се евидентираат во РЗСО;
- пријава, промена и одјава од задолжителното социјално осигурување на осигурениците;
- евиденција на обработени податоци за наплатени на придонеси од задолжително социјално осигурување;
- анализа на податоците од алинејата 4 од овој став и известување до засегнатите страни за забележани неусогласености или неправилности;
- усогласување на податоците за субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување во РЗСО со податоците за овие субјекти во регистрите и базите на податоци на институциите и другите субјекти надлежни за регистрација во РЗСО и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување;
- анализа на внесените и обработените податоци и укажување на институциите и другите субјекти надлежни за регистрација во РЗСО и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување за утврдените неправилности во податоците од нивна надлежност;
- анализа на внесени и обработени податоци заради изготвување извештаи до заинтересираните корисници, во согласност со законски прописи кои ја регулираат таа област;
- размена на обработени податоци за наплатени придонеси од задолжително социјално осигурување со корисниците утврдени со законските прописи кои ја регулираат таа област;
- обезбедување технички услови за меѓусебно поврзување и усогласување на работата на институциите и другите субјекти надлежни за регистрација во РЗСО и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување поврзани со системот на РЗСО во врска со доставувањето и користењето на податоци;
- обезбедување електронско поврзување со други регистри, евиденции и бази на податоци кои се водат во државата, а кои се значајни за субјектите кој учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување;
- спроведување на постапка за проверка и промена на податоците во РЗСО;
- регистрација, овластување и администрирање на регистрациони агенти за потребите на РЗСО и евиденција на регистрациони агенти во РЗСО;
- евиденција на корисници на податоци од РЗСО;
- воспоставување на единствен шифрарен (коден) систем на податоци кои се упишуваат во РЗСО; и
- доделување, промена и одземање на овластување за пристап и регистрација во РЗСО и
- други работи утврдени со закон.

## Глава III
## СТРУКТУРА И СОДРЖИНА НА РЗСО

### Структура на РЗСО
### Член 14

(1) РЗСО се состои од:

- Податоци за идентификација на физички лица;
- Податоци за идентификација на правни лица;
- Податоци за осигуреници;
- Податоци за пријава, одјава односно промена на осигурениците,
- Податоци за пресметани и уплатени придонеси за задолжително социјално осигурување и
- Податоци за регистрационите агенти.

(2) РЗСО од ставот (1) на овој член содржи и обработува податоци за идентификација физичките лица и за правните лица кои се предмет на упис во РЗСО, како и сите други податоци од значење за задолжителното социјално осигурување.

### Содржина на РЗСО
### Член 15

(1) РЗСО ги содржи и ќе ги обработува следните податоци:

- Податоци за идентификација на физичко лице кое е предмет на упис во РЗСО: единствен матичен број на граѓанинот или на странецот (ЕМБГ), даночен идентификационен број, единствен електронски број на граѓанинот, единствен регистарски број на граѓанинот, име, презиме, пол, датум на раѓање, родители/старатели/хранител/посвоител (ЕМБГ, име, презиме), адреси на живеалиште/престојувалиште (држава, општина, населено место, улица, број, додаток на број), државјанство (држава, статус, датум на почеток, датум на престанок), националност, електронско сандаче (е-пошта), телефон, смрт (датум на смрт, место на смрт), квалификуван електронски потпис доколку има потреба и други лични податоци од значење за идентификација на физичкото лице во врска задолжителното социјално осигурување и други податоци потребни за идентификација на физичкото лице;
- Податоци за идентификација на правно лице кое е предмет на упис во РЗСО: даночен идентификационен број, единствен матичен број на субјектот, назив, адреса на седиште/подружница/претставништво / деловни единици (држава, општина, место, улица и број, додаток на број), дејност, форма на организација, електронско сандаче (е-пошта), датум на почеток/промена/престанок на вршење на дејноста и други податоци од значење за идентификација на правното лице во врска задолжителното социјално осигурување и други податоци потребни за идентификација на правното лице;
- Податоци за осигуреници (вид на осигурување, сродство со осигуреникот носител на осигурување доколку статусот го стекнува како член на семејството на осигуреник, приватен пензиски фонд од вториот столб на задолжително социјално осигурување во кој е зачленет, датум на зачленување во приватниот пензиски фонд од вториот столб на задолжително социјално осигурување, личната сметка на членот во приватниот пензиски фонд од вториот столб на задолжително социјално осигурување, подносител на податоците на осигуреникот за регистрација, датум на регистрација и други податоци поврзани со задолжителното социјално осигурување на осигурениците и други податоци за осигурениците).
- Податоци за регистрација во задолжителното социјално осигурување на осигуреникот: датум на почеток/промена/престанок на осигурување, основ за почеток/промена/престанок на осигурување, занимање, вид и степен на квалификација, односно образование, останати податоци за образованието, работно време, број на работни часови (дневно и неделно), вид на вработување (неопределено

или определено), период на вработување (во денови, месеци, години), податоци за работодавачот на осигуреникот, податоци за користење на пензиски и инвалидски права од системот на задолжително социјално осигурување, посебни податоци за осигуреникот (видови и степени на попреченост), податоци за бројот на работодавачи, датум на поднесување на пријава/промена/одјава од задолжително социјално осигурување, подносител на податоците за пријава/промена/одјава од задолжителното социјално осигурување, занимање кое се смета со зголемено траење на стажот, степен на зголемување на стажот, шифра на работното место кое се смета со зголемено траење на стажот, период на работа на работното место со зголемено траење на стажот и други податоци поврзани со пријава, промена и одјава од задолжителното социјално осигурување на осигуреникот;

- Податоци за наплата на придонеси од задолжително социјално осигурување (податоци за обврзник за плаќање на придонеси, податоци за обврзник за пресметка на придонеси, податоци за обврзник за уплата на придонеси, период за кој се плаќаат придонесите, вид на обврска за уплата, вид на стаж, зголемување на траење на стажот, период на работа на работното место со зголемено траење на стажот, вид на ослободување, износ на бруто платата, основица за пресметка на придонесите, износи на наплатени придонеси, датум на уплата, , податоци за враќање на придонеси и други податоци за наплатени на придонеси од задолжително социјално осигурување и
- Податоци за регистрациони агенти во РЗСО: датум на поднесено барање за добивање на овластување за пристап и регистрација во РЗСО, датум и основ на добиено/одземено овластување за пристап и регистрација во РЗСО, податоци за физичкото лице кое кај регистрационият агент ќе врши регистрација, податоци за бројот на субјекти кои ги застапува, податоци за реализирани пријави, промени и одјави од задолжителното социјално осигурување на осигуреници и други податоци за регистрационите агенти.

(2) Формата, содржината и начинот на водењето на РЗСО од ставот (1) на овој член на предлог на директорот на Управата го пропишува министерот.

## Глава IV
## ПОСТАПКА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

### Начин на водење на РЗСО
### Член 16

(1) РЗСО се води во електронска форма.
(2) Регистрацијата на субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување се врши единствено преку РСЗО.
(3) Регистрација односно пријава, промена и одјава на субјект кој учествува во системот на задолжително социјално осигурување во РЗСО може да врши регистрационен агент.
(4) За добивање на овластување за регистрационен агент субјектот е должен да ги исполни техничките стандарди за пристап и користење на РЗСО и да располага со квалификуван дигитален сертификат издаден од овластен издавач во Република Северна Македонија, соодветно инсталиран.

### Регистрација во РЗСО
### Член 17

(1) Регистрацијата во РЗСО се врши врз основа на унифицирана постапка и обрасци за пријава, одјава и промена во електронска форма.
(2) Внесувањето на податоците во РЗСО се врши врз основа на унифицирана постапка и обрасци за пријава, одјава и промена во електронска форма.
(3) Обрасците за пријава, одјава и промени ги содржат следниве податоци::

- Име, презиме и единствен матичен број на граѓанинот;
- Датум на почеток, престанок, односно промена на осигурување ;

- Основ за почеток, промена, односно престанок на осигурувањето;
- Занимање;
- Вид и степен на квалификација, односно образование;
- Работно време, број на часови неделно;
- Вид на вработување (определено и неопределено време);
- Траење на вработување на определено време (во денови и месеци);
- Деловна единица на обврзникот во која е вработен осигуреникот;
- Податоци за користење на пензиски и инвалидски права од системот на задолжително социјално осигурување;
- Посебни податоци за осигуреникот (видови и степени на попреченост);
- Податоци за бројот на работодавачи;
- Датум на поднесување на пријавата;
- Подносител на податоците за пријавата, односно одјавата;
- Потпис (електронски потпис, сертификат);
- Занимање кое се смета со зголемено траење на стажот;
- Степен на зголемување на стажот;
- Шифра на работното место кое се смета со зголемено траење на стажот и
- Други податоци од значење за пријава, одјава, односно промена.

(4) При првата регистрација РЗСО доделува единствен регистарски број на осигурениците, како и интерен код за идентификација на останатите субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување.
(5) При регистрација на осигурениците се врши задолжителна проверка во Централниот регистар на население за граѓаните на Република Северна Македонија и странците со регулиран претстој, односно во единствениот регистар на даночни обврзници за странците без регулиран претстој во Република Северна Македонија.
(6) Регистрацијата на останатите субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување се врши во моментов кога на нив се регистрираат осигуреници, преку преземање на податоци од Трговскиот регистар и регистар на други правни лица, Централниот регистар на население и/или други регистри.
(7) Формата, содржината и начинот на пополнување на обрасците за регистрација, структурата на единствениот регистарски број, постапката за регистрација, како и техничките стандарди за пристап и користење на РЗСО на предлог на директорот на Управата ги пропишува министерот.

Регистрационен агент
Член 18

(1) Регистрационен агент може да биде:
- Институција и друг субјект надлежен за регистрација во РЗСО;
- Обврзникот за пресметка и уплата на придонеси согласно закон кој добил овластување од Управата за пристап и регистрација во РЗСО; и
- Адвокат, сметководител и овластен сметководител кој добил овластување од Управата за пристап и регистрација во РЗСО.

(2) Барањето за добивање на овластување за пристап и регистрација во РЗСО се поднесува електронски, преку ИС на РЗСО, а Управата е должна да ја провери исполнетоста на условите и да одлучи односно да го прифати, одбие или отфрли барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на комплетно барање.
(3) Доколку барањето од ставот (2) на овој член не е комплетно, Управата ќе побара од подносителот во рок од 7 дена да го докомплетира истото.
(4) Доколку и во дополнителниот рок од ставот (3) на овој член подносителот не го комплетира барањето Управата ќе го отфрли истото.
(5) Управата во електронска форма го доставува овластувањето за регистрационен агент до раководното лице во регистрациониот агент регистриран како правно лице на службената електронска адреса регистрирана во Централниот регистар, односно на електронската адреса кое ја доставил подносителот на барањето физичко лице, кој е должен да го потврди добиеното овластување, по што истото станува активно. (6) Формата, содржината на барањето,

потребните докази и начинот на достава на барањето за добивање на овластување за регистрационен агент на предлог на директорот на Управата ги пропишува министерот.

### Институции и други субјекти надлежни за регистрација во РЗСО
### Член 19

(1) Министерството за труд и социјална политика е регистрационен агент за:

- лице корисник на гарантирана минимална помош, кое е лице неспособно за работа; корисник на надоместок заради попреченост; корисник на надоместок за помош и нега од друго лице; лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита; корисник на вон-семејна заштита; лице-жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита согласно со прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство; лице-жртва на трговија со луѓе; корисник на право на социјална сигурност за старите лица, како и дете со пречки во развојот и со специфични потреби за кое се користи право на посебен додаток согласно со Законот за заштита на децата, ако не може да се осигурат по друга основа,
- учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ, и
- други лица за кои Министерството за труд и социјална политика е надлежно за пресметка на придонеси согласно закон.

(2) Министерството за култура е регистрационен агент за самостоен уметник кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на министерот за култура.

(3) Министерството за здравство е регистрационен агент за:

- здравствен работник со високо образование кој стекнува работно искуство за полагање на стручен испит,
- работник на кој му мирува работниот однос поради користење неплатено родителско отсуство и
- други лица за кои Министерството за здравство е надлежно за пресметка на придонеси согласно закон.

(4) Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е регистрационен агент за:

- новороденче во моментот на внесување во матичната книга на родени,
- државјанин на Република Северна Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Северна Македонија непосредно пред заснованието на работниот однос во странство - за членовите на семејството кои живеат во Република Северна Македонија,
- државјанин на Република Северна Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од држава со која Република Северна Македонија нема склучено/преземено Договор за социјално осигурување или пак Република Северна Македонија има склучено/преземено Договор за социјално осигурување, во кој не е регулирана можноста за остварување на право на здравствено осигурување, додека престојува на територијата на Републиката,
- странец кој на територијата на Република Северна Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор ратификуван од Република Северна Македонија поинаку не е определено,

- странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во Републиката ако со меѓународен договор ратификуван од Република Северна Македонија поинаку не е определено,
- Граѓанин кои не е дефиниран како обврзник за плаќање на задолжителен придонес за здравствено осигурување под друг законски основ,
- граѓанин на Република Северна Македонија кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување по ниту еден законски основ,
- работник кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, доколку согласно со закон за регистрација, пресметка и уплата на придонеси не е надлежен работодавачот и
- други лица за кои Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е надлежен за пресметка на придонеси согласно закон.

(5) Фондот за пензиското осигурување на Северна Македонија е регистрационен агент за:

- корисник на пензија и надоместок на плата според прописите на пензиското и инвалидското осигурување,
- индивидуален земјоделец,
- верско службено лице,
- државјанин на Република Северна Македонија кој е во работен однос во странство, врши дејност во странство или е упатен на работа во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Северна Македонија поинаку не е определено,
- државјанин на Република Северна Македонија вработен во странство во држава во која е задолжително осигурен, но во која правата од пензиско и инвалидско осигурување не може да ги остварува или не може да ги користи надвор од таа држава,
- странец кој на територијата на Република Северна Македонија е во работен однос или во служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Северна Македонија поинаку не е определено,
- осигуреникот кој пристапил во продолжено пензиско и инвалидско осигурување согласно со закон,
- граѓанин на Република Северна Македонија кој согласно со важечките прописи е упатен на школување во странство, како и странец кој се наоѓа на школување во Републиката ако државата, чиј граѓанин е тој, исто така постапува со граѓани на Република Северна Македонија, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Северна Македонија поинаку не е определено,
- државјанин на Република Северна Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување од држава со која Република Северна Македонија нема склучено/преземено Договор за социјално осигурување или пак Република Северна Македонија има склучено/преземено Договор за социјално осигурување, во кој не е регулирана можноста за остварување на право на здравствено осигурување, додека престојува на територијата на Републиката, и
- други лица за кои Фондот за пензиското осигурување на Северна Македонија е надлежен за пресметка на придонеси согласно закон.

(6) Агенцијата за вработување е регистрационен агент за:

- привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност, согласно со закон,
- невработено лице за време на обука, преквалификација или доквалификација,
- привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност,
- државјанин на Република Северна Македонија кој на територијата на Република Северна Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски или конзуларни претставништва или е во лична служба на странски дипломатски или конзуларни претставништва или е во лична служба

на странец, ако со меѓународен договор ратификуван од Република Северна Македонија поинаку не е определено, и
- други лица за кои Агенцијата за вработување е надлежен за пресметка на придонеси согласно закон.

(7) Агенцијата за млади и спорт е регистрационен агент за врвен спортист кој со таков статус се здобил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на Агенцијата за млади и спорт.

(8) Казнено – поправната установа е регистрацион агент за лице на издржување казна затвор и издржување на воспитна мерка во воспитно-поправен дом за време на редовна работа што ја врши во текот на издржувањето на казната, односно мерката.

(9) Комората на трговци на Република Северна Македонија е регистрационен агент за физичко лице кое е регистрирано како вршител на самостојна дејност за трговија на мало на тезги и пазари, запишан во регистарот на Комората на трговци на Република Северна Македонија, доколку не е осигурен по друг основ.

(10) Образовните установи се регистрациони агенти за ученици и студенти за време на практична работа. (11) Со интерен акт на институциите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7) (8), (9) и (10) на овој член се определува кои лица од редот на вработените ќе имаат пристап и ќе вршат регистрација на осигурениците во РЗСО.

(12) Директорот на Управата го пропишува единствениот унифициран коден систем (шифрарник) за регистрација во РЗСО.

## Обврзник за пресметка и уплата на придонеси

## Член 20

(1) Обврзникот за пресметка и уплата на придонеси е регистрационен агент за:
- себе;
- свој вработен,
- свој практикант,
- свој извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основ на работен однос и самовработување,
- свој вработен кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, и
- лице кои стекнува статус на осигуреник врз основа на вработен член на семејството.

(2) Со интерен акт на обврзниците од ставот (1) на овој член се определува кои лица од редот на вработените ќе имаат пристап и ќе вршат регистрација на осигурениците во РЗСО.

(3) При секоја регистрација на осигурениците од ставот (1) на овој член, РЗСО испраќа електронско известување за содржината на регистрацијата до официјалната електронска адреса на обврзникот за пресметка и уплата на придонеси од задолжително социјално осигурување.

## Адвокати, сметководители и овластени сметководители

## Член 21

(1) Адвокатите, сметководителите и овластените сметководители се регистрациони агенти за оние осигуреници за кои добиле полномошно во нивно име да имаат пристап и да извршат регистрација во РЗСО.

(2) Организаторите се должни преку регистрациони агенти од ставот (1) на овој член да ги регистрираат во РЗСО лицата кои учествуваат:
- во акции за спасување или одбрана од елементарни непогоди или несреќи;
- на работно ангажирање на корисници на социјална помош;
- на обука по покана на органите на одбраната;
- во давање помош на органите за внатрешни работи во вршење на нивната службена должност;
- на културно-уметнички манифестации и натпревари, организирани од културни и други институции;

- на натпревари во физичка и техничка култура, организирани од спортски и други институции;
- во волонтерска активност согласно со закон;
- на настани како спортисти аматери согласно со закон; и
- на настани како професионални спортисти кои имаат склучено професионален договор со професионален спортски клуб.

### Губење на статус на регистрационен агент
### Член 22

(1) На субјектите од членот 18 став (2) алинеи 2 и 3 од овој закон им се одзема статусот на регистрационен агент по службена должност доколку:
- не ги исполнуваат техничките стандарди за пристап и користење на РЗСО,
- се утврдат неправилности и злоупотреби при пристап и регистрација во РЗСО,
- смрт или пензионирање на физичкото лице, односно стечај или ликвидација на правното лице.

(2) На регистрационите агенти им се одзема статусот на денот кога Управата дознала за настапување на некој од случаите од ставот (1) на овој член.
(3) Во случај на смрт, пензионирање или престанок на работниот однос на физичкото лице кое кај регистрациониот агент ја вршело регистрацијата, на барање на регистрациониот агент во електронска форма се овозможува промена на податоците за физичкото лице кое кај регистрациониот агент ја вршело регистрацијата во РЗСО.

### Проверка и ажурирање на податоци
### Член 23

(1) Заради размена и ажурирање на податоците по службена должност, РЗСО е поврзан и бесплатно користи податоци од:
- Централниот регистар на население кој го води Министерството за информатичко општество и администрација,
- Трговскиот регистар и регистар на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- Единствениот регистар на даночни обврзници кој го води Управата за јавни приходи,
- Регистарот на субјекти и работни места со стаж со зголемено траење кој го води Министерството за труд и социјална политика,
- Регистарот на согласности за вработување во институциите на јавниот сектор кој го води Министерството за финансии и
- другите регистри, евиденции и бази на податоци кои ги водат институциите и другите субјекти надлежни за регистрација во РЗСО, другите институции и субјекти вклучени во задолжително социјално осигурување и други изворници на податоци, а кои се од значење за задолжителното социјално осигурување.

(2) Размената и ажурирањето на податоците од ставот (1) на овој член се врши преку МИМ платформата за електронска размена на документи и податоци.
(3) РЗСО при секоја регистрација врши проверка на податоците со оние податоци кои ги водат во изворниците.
(4) Во случај кога постои несовпаѓање на податоците во изворниците со оние во РЗСО, а за тие податоци изворникот е во другата институција или субјект, РЗСО генерира известување за потребата од ажурирање на тие податоци до вработените во Управата кои имаат овластување за проверка и промена на податоците.
(5) Во случај кога постои несовпаѓање на податоците содржани во изворниците со оние во РЗСО, а за тие податоци изворник е РЗСО, тогаш се генерира известување до другата институција или субјект за потребата од ажурирање на тие податоци.
(6) Управата за јавни приходи е должна да прави проверка дали пресметката на придонесите за задолжително социјално осигурување одговара на податоците во РЗСО, а во случај кога пресметката на придонесите нема да одговара на податоците во РЗСО ќе стопира уплата на

погрешно пресметаните придонеси, се до нивна корекција и совпаѓање со податоците во РЗСО.
(7) Доколку во законскиот рок обврзаниот за пресметка и уплата на придонесите не направи пресметка на придонесите, Управата за јавни приходи е должна да го извести Државниот инспекторат за труд, односно раководното лице на институцијата должна за пресметка на придонесите.

## Промена на податоци во РЗСО
## Член 24

(1) Директорот на Управата е должен да овласти еден или повеќе службени лица во Управата кои ќе може да прават проверки и да одобрат промени на податоци во РЗСО.
(2) Промена на податоци во РЗСО може да се врши врз основа на судска одлука или акт на Државниот инспекторат за труд.
(3) Погрешно внесените податоците во РЗСО без судска одлука или акт на Државниот инспекторат за труд можат да се коригираат најдоцна до првата пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување.
(4) Во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член промената на податоците ја врши надлежниот регистрационен агент по добиено овластување од овластените службени лица согласно ставот (1) на овој член.
(5) Во случај кога РЗСО ќе генерира известување за несовпаѓање на податоците во РЗСО со податоците во изворниците, а за тие податоци изворник е РЗСО, овластеното службено лице во Управата до крајот на работното време, а најдоцна следниот работен ден прави проверка на тие податоци, и откако ќе добие доказ за точните податоци врши промена на податоците во РЗСО.
(6) Субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување и регистрациониот агент по електронски пат може да пријават неточни податоци во РЗСО до Управата, во кој случај овластеното службено лице постапува согласно ставот (1) од овој член.
(7) За секоја промена на податоците во РЗСО се генерира службена белешка со податоци за датум, содржина, основ, изворник на податок, направена проверка и извршена промена на податоци.
(8) Начинот на проверка и промена на податоците во РЗСО по службена должност на предлог на директорот на Управата ги пропишува министерот.

## Обврска за чување
## Член 25

(1) Управата е должна да ги чува податоците во РЗСО, како и сите промени најмалку 50 години, сметано од денот на стекнувањето на правата утврдени врз основа на таа тие податоци, но не помалку од 10 години од престанокот на користењето на правата, односно од смртта на осигуреникот под услови и во постапка утврдена со прописите од областа на архивското работење и прописите од областа на заштитата на личните податоци.
(2) Податоците за осигуреникот кои не се стекнал со права од задолжително социјално осигурување, се чуваат најмалку 60 години, сметано од последното внесување на податоците во РЗСО.
(3) Институциите надлежни за задолжително социјално осигурување и другите институции вклучени во системот на задолжително социјално осигурување се должни да ги чуваат податоците поврзани со системот на задолжително социјално осигурување согласно ставот (1) на овој член.
(4) Податоците од РЗСО се чуваат на уште една дополнителна локација заради нивно зачувување и заштита во случај на катастрофи.

## Обврска за ажурирање
## Член 26

(1) Секој изворник на податоци кој разменува податоци со РЗСО и/или кој разменува податоци со институциите надлежни за задолжително социјално осигурување и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување, ако тие податоци се од важност за РЗСО е

должен да ги ажурира податочните сетови и промените на статусот на податочните сетови од значење за размената и да ги направи достапни тие податоци до соодветната институција.
(2) Изворникот на податоци од ставот (1) на овој член е должен ажурираните податочни сетови да ги направи достапни на РЗСО.
(3) Изворникот на податоци од ставот (1) на овој член е должен преку МИМ да овозможи користење на податочните сетови од РЗСО, на начин и во постапка утврдена со закон.

### Обврска за одржување
### Член 27

(1) Изворникот на податоците е должен да презема соодветни мерки за одржување на системите на кои се обработуваат поединечните бази на податоци за кои се надлежен согласно со закон, да ги воспостави и да ги одржува единствените технолошки стандарди и процеси за користење на податоците од РЗСО, согласно со закон.
(2) Управата е должна да го одржува РЗСО согласно со закон.
(3) Корисникот на податоци од РЗСО е должен да ги воспостави и да ги одржува единствените техничко - технолошки стандарди и процеси за пристап и користење на РЗСО, согласно со закон.
(4) Начинот, техничките процедури и мерките за одржување на РЗСО, како и единствените техничко - технолошки стандарди и процеси за пристап и користење на РЗСО на предлог на директорот на Управата ги пропишува министерот.

### Право на пристап и ниво на пристап до податоци
### Член 28

(1) Надлежните органи и другите субјекти во својство на корисници на податоците од РЗСО имаат право на пристап истите, доколку се исполнети условите утврдени со овој закон и со законот со кој е утврдена нивната надлежност, односно вршење на дејност.
(2) Целосен пристап до податоците од РЗСО има Управата како единствениот корисник и обработувач на податоците, согласно со закон.
(3) Регистрационите агенти немаат пристап до податоците во РЗСО, освен оние кои се потребни за извршување на своите надлежности утврдени со закон.
(4) Пристапот до податоците од РЗСО се определува врз основа на начинот и под условите под кои надлежните органи и другите субјекти ги обезбедуваат своите услуги преку МИМ, обемот на користење на податоците од РЗСО се определува врз основа на уписот во Каталогот на услуги, согласно со одредбите од Законот за електронско управување и електронски услуги.
(5) По исклучок на ставовите (1), (2) и (3) на овој член, доколку надлежните органи или другите субјекти кои имаат право на пристап до податоците од РЗСО заради извршување на својата надлежност или заради вршење на дејноста за која што се регистрирани, не се запишани во Каталогот на услуги согласно закон, истите се должни да достават барање за утврдување на пристап до податоци до Управата.

## Глава V
## ПРАВА И ОБВРСКИ НА СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

### Право на увид
### Член 29

(1) Субјектот кој учествува во задолжително социјално осигурување има право на увид во своите податоци содржани во РЗСО по електронски пат.
(2) Осигуреникот врши увид од ставот (1) на овој член со корисничка сметка регистрирана во Управата за јавни приходи.
(3) Управата издава потврда во хартиена или електронска форма на субјектот кој учествува во задолжително социјално осигурување за податоците содржани во РЗСО, по претходно поднесено барање преку регистрационен агент.

(4) Начинот за вршење на увид од ставот (1) и (2) на овој член и формата и содржината на потврдата од ставот (3) на овој член која ја издава Управата на предлог на директорот на Управата ги пропишува министерот.

### Обврска за пријавување на неточно податоци
### Член 30

(1) Субјектот кој учествува во задолжително социјално осигурување има обврска по електронски пат, преку регистрационен агент до Управата да ги пријави сите неточни податоци кои ќе ги забележи при увидот или при добивање на потврда.
(2) По добиена пријава за неточни податоци од ставот (1) на овој член Управата постапува согласно членот 21 од овој закон.
(3) Формата и содржината на пријавата од ставот (1) на овој член на предлог на директорот на Управата ја пропишува министерот.

## Глава VI
## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЗСО

### Работноо тело за имплементација на РЗСО
### Член 31

(1) Министерот со решение формира работно тело за имплементација на РЗСО (во понатамошниот текст: Работно тело) составено од координатор и 13 член, и тоа:
- координатор на работното тело и еден член од редот на вработените во Министерството,
- двајца членови номинирани од директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија од редот на вработените,
- двајца членови од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија,
- двајца претставници номинирани од директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од редот на вработените,
- двајца членови номинирани од директорот на Управата за јавни приходи од редот на вработените,
- двајца членови номинирани од директорот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од редот на вработените,
- еден член номиниран од министерот за информатичко општество и администрација од редот на вработените на министерството и
- еден член номиниран од директорот на Централниот регистар од редот на вработените.

(2) Стручно-административните работи за потребите на Работното тело ги врши секретар, кој се определува со решението за формирање на стручната комисија од редот на вработените во Министерството и истиот не е член на стручната комисија.
(3) Работното тело е надлежно за дизајнирање, имплементација, оптимизација, извршување, регулирање, одржување, контрола, едукација на кадар, анализа на сите процеси и функционалности и генерирање и прочистување на податоци, поврзани со РЗСО.
(4) Министерот во Работното тело може да ангажира и други лица за вршење на имплементација, надградба, оптимизација, извршување, регулирање, одржување, контрола, едукација и други работи поврзани со РЗСО.
(5) Критериумите за определување и разрешување на координаторот и членовите во Работното тело, нивните права, должности и одговорности ги определува министерот со посебен акт.
(6) На координаторот, членовите и секретарот во Работното тело им следува надоместок, во висина на минималната нето плата во Република Северна Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Северна Македонија, за месеците во кои членот на Работното тело учествувал во работата на телото.
(7) Начинот на работа на Работното тело поблиску се уредува со Деловник за работа.
(8) Работното тело поднесува извештај за својата работа до министерот по потреба, а најмалку двапати годишно.

(9) Министерот може да формира стручни работни групи/комисии за потребите на Работното тело, за кои може да определи надоместок, заради обемот и сложеноста на работата.
(10) Средствата за финансирање на Работното тело и стручните работни групи/комисии, се обезбедуваат од буџетот на Министерството.

## Глава VII
## ПОВРЗУВАЊЕ СО РЗСО

### Поврзување со РЗСО
### Член 32

(1) Надлежните институции и другите субјекти имаат право да се поврзат со РЗСО и да ги користат податоците од истиот, доколку:

- се поврзани на МИМ платформата за интероперабилност, согласно закон; и
- ги имаат исполнето во целост обврските кои произлегуваат од прописите од областа на заштитата на личните податоци, согласно со закон.

(2) Условите од ставот (1) на овој член ги докажува надлежниот орган или субјектот при поднесување на барањето за интеграција со РЗСО до Управата.
(3) По извршената проверка за исполнетост на условите од ставот (1) на овој член, директорот на Управата на надлежниот орган односно друг субјект му издава потврда за одобрено поврзување со РЗСО, согласно закон.

## Глава VIII
## НАДЗОР

### Надзор над спроведување на законот
### Член 33

Надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши министерството.

## Глава IX
## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Прекршоци
### Член 34

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на институциите надлежни за задолжително социјално осигурување и другите институции вклучени во системот на задолжително социјално осигурување, не ги чуваат податоците поврзани со системот на задолжително социјално осигурување (член 25 став 3).
(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на изворниците на податоци, ако ажурираните податочни сетови не ги направат достапни на РЗСО (член 26 став 2).
(3) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на изворниците на податоци, ако не преземат соодветни мерки за одржување на системите на кои се обработуваат поединечните бази на податоци за кои се надлежни согласно со закон, да ги воспостават и да ги одржуваат единствените технолошки стандарди и процеси за користење на податоците од РЗСО (член 27 став 1).
(4) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на Управата, ако не го одржува РЗСО(член 27 став 2).
(5) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, односно глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност на правно лице, ако не ги воспостават и не ги одржуваат единствените техничко - технолошки стандарди и процеси за пристап до РЗСО (член 27 став 3).

(4) За прекршоците од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## Глава X
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Воспоставување на Управата и именување на директор
### Член 35

(1) Управата ќе биде основана во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.
(2) Директорот на Управата ќе биде именуван во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

### Донесување на подзаконските акти и воспоставување на РЗСО
### Член 36

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.
(2) Министерството ќе го воспостави РЗСО во рок од 15 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

### Формирање на работните тела за имплементација на РЗСО
### Член 37

Работните тела од членот 31 од овој закон ќе се формираат и ќе започнат со работа во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

### Доставување на податоците
### Член 38

(1) Институциите надлежни за задолжително социјално осигурување и другите институции вклучени во системот на задолжително социјално осигурување се должни да ги достават своите бази на податоци во РЗСО во електронска и криптирана форма на триесеттиот ден од денот на воспоставување на РЗСО, со состојба од претходниот ден од денот на експортирање.
(2) Институциите надлежни за задолжително социјално осигурување и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување се должни да склучат договори за размена на податоци со кои ќе се дефинираат формата, содржината, начинот и роковите на доставување и размена на податоците во рок од 15 дена од денот на воспоставување на РЗСО.

### Проверка, прочистување, усогласување и верификација на податоците
### Член 39

Управата е должна да изврши проверка, прочистување, усогласување и верификација на податоците преземени од институциите надлежни за задолжително социјално осигурување и другите институции вклучени во системот на задолжително социјално осигурување во рок од 30 дена од денот на добивање на базите на податоци од изворникот

### Усогласување на законите и подзаконските акти
### Член 40

Другите закони и подзаконски акти ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од 18 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

### Надградба на другите системи и регистри
### Член 41

Системите и регистрите на институциите надлежни за задолжително социјално осигурување и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување ќе се надградат согласно потребите на РЗСО до денот на започнување со примена на овој закон.

### Влегување во сила
### Член 42

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува во рок од 24 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, со исклучок на одредите од Глава II и членот 31 кои ќе започнат со примена во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

на предлог законот за регистар на задолжително социјално осигурување

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Во Глава I од предлог законот, која ги содржи општите одредби, содржани 5 члена.

Со членот 1 се уредува предметот на регулирање за законот. Со законот се уредува основањето, организација, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и раководењето на Управата за водење на регистарот на задолжително социјално осигурување (, структурата, содржината, податоците и начинот на водење на регистарот- на задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст: РЗСО), условите за негово користење, регистрацијата на пријави, одјави и промени во задолжително социјално осигурување, размената на податоци помеѓу надлежните органи, институциите и другите субјекти, како и правата и обврските на субјектите кои учествуваат во задолжително социјално осигурување, овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето и обработката и заштитата на податоците во врска со надлежностите на Управата кои произлегуваат од овој закон.

Во членот 2 е регулирана целта на законот која опфаќа воспоставување на единствен регистарски систем на управување и евиденција на сите податоци поврзани со системот на задолжително социјалното осигурување која ќе придонесе за ефикасно остварување на правата и обврските кои произлегуваат од таквото осигурување.

Со членот 3 се регулира примената на законот, кој ќе важи за сите прашања поврзани со евиденцијата на задолжително социјалното осигурување на субјектите кои учествуваат во задолжително социјално осигурување. Дополнително ќе се применуваат посебните закони, законот кој ја уредува заштитата на личните податоци, законот кој го уредува електронското работење и употребата на податоците во електронски облик и електронски потпис, законот со кој се регулираат електронските документите, електронската идентификација и доверливите услуги и Законот за општата управна постапка.

Во членот 4 се дефинирани поимите кои се употребуваат во законот.

Во членот 5 се утврдени начелата на законот, и тоа начелото на законитост, начелото на заштита на личните податоци, начелото на транспарентност, начелото на економичност, начелото на ефикасност, начелото на независност и начелото на отчетност.

Во втората глава е уредена Управата.

Со членот 6 се регулира организацијата на Управата. Управата ќе биде орган во состав на Министерството за труд и социјална политика, со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник, и законска надлежност самостојно да спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос. Управата своите надлежности ги спроведува на целата територија на Република Северна Македонија. Седиштето на Управата се наоѓа во Скопје.

Со членот 7 е уредено финансирањето на управата која ќе биде буџетски корисник.

Со членот 8 се уредува раководењето на Управата која ќе ја раководи директор кој го именува и го разрешува Владата, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на социјалното осигурување со мандат од 4 години и право на еден реизбор. Директорот се именува во отворена, фер и транспарентна постапка

во која се избира најдобриот кандидат кој ги исполнува условите. За именување на директорот ќе се објавува јавен оглас на веб страниците на Владата, Министерството и Управата. Директорот за својата работа и работата на Управата е одговорен пред Владата и пред министерот.
За директор, може да биде именувано лице кое:

- има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование;
- има најмалку десет години работно искуство во струката по дипломирањето;
- има најмалку 5 години работно искуство на раководна позиција во јавен или приватен сектор;
- во моментот на именувањето нема правосилна судска пресуда која го прави недостоен за вршење на функцијата директор; и
- да поседува меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на странски јазик.

Со членот 9 се уредени надлежностите на директорот на Управата кои опфаќаат раководење со Управата, претставување и ја застапување на Управата, преземање на финансиски обврски и плаќања на Управата; донесување акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управата согласност со закон и други надлежности поврзани со законитото функционирање н Управата.

Со членот 10 се дава обврска за директорот за етичко работење. Директорот на Управата е должен да постапува согласно Уставот, законите, стратешките и програмските приоритети на Управата, стратешките и програмските приоритети на Владата и Министерството. При извршувањето на своите должности и задачи, директорот на Управата е должен да се придржува кон највисоките стандарди за личен интегритет и професионална етика и да ги почитува прописите кои ги уредуваат овие стандарди. Директорот е должен да ја пријави имотната состојба и судир на интереси и да ја пријави промената во имотната состојба и интереси согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Со членот 11 се уредува престанокот на мандатот и разрешувањето на директорот.

Со членот 12 е уреден статусот на вработените во Управата. Вработените во Управата кои ќе извршуваат административни работи ќе имаат статус на административни службеници, и за нив во однос на прашањата поврзани со работниот однос се применува Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи. Вработените во Управата кои ќе вршат помошно-технички работи ќе имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат општите прописи за работни односи. Поради фактот што во Управата претежно ќе треба да се вработат ИТ инженери предвидени се бодовите за плата на службениците за да се привлече квалитетен кадар без кој управата нема да може да функционира.

Со членот 13 се утврдени надлежностите на Управата кои опфаќаат воспоставување, водење и одржување на база на податоци на РЗСО, евиденција на осигуреници и останати субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување, доделување единствен регистарски број на сите осигуреници кои по било кој основ влегуваат во системот на задолжително социјално осигурување и по тој основ се евидентираат во РЗСО, пријава, промена и одјава од задолжителното социјално осигурување на осигурениците, евиденција на обработени податоци за наплатени на придонеси од задолжително социјално осигурување, анализа на податоците од алинејата 4 од овој став и известување до засегнатите страни за забележани неусогласености или неправилности, усогласување на податоците за субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување во РЗСО со податоците за овие субјекти во регистрите и базите на податоци на институциите и другите субјекти надлежни за регистрација во РЗСО и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување и други работи утврдени со закон.

Со Глава III е утврдена структурата и содржината на РЗСО.

Со членот 14 е уредена структурата на РЗСО. РЗСО ќе се состои од:

- Податоци за идентификација на физички лица;
- Податоци за идентификација на правни лица;
- Податоци за осигуреници;
- Податоци за пријава, одјава односно промена на осигурениците,
- Податоци за пресметани и уплатени придонеси за задолжително социјално осигурување и
- Податоци за регистрационите агенти.

Со членот 15 е уредена содржината на РЗСО. РЗСО ќе ги содржи и ќе ги обработува сите податоци од важност за задолжителното социјално осигурување.

Со Глава IV е уредена постапката за регистрација.

Со членот 16 е уреден начинот на водење на регистарот кој ќе биде електронски. Регистрацијата на субјектите кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување се врши единствено преку РСЗО. Регистрација односно пријава, промена и одјава на субјект кој учествува во системот на задолжително социјално осигурување во РЗСО може да врши регистрационен агент. За добивање на овластување за регистрационен агент субјектот е должен да ги исполни техничките стандарди за пристап и користење на РЗСО и да располага со квалификуван дигитален сертификат издаден од овластен издавач во Република Северна Македонија, соодветно инсталиран.

Со членот 17 е регулирана регистрацијата во РЗСО која ќе се врши врз основа на унифицирана постапка и обрасци за пријава, одјава и промена во електронска форма. Внесувањето на податоците во РЗСО се врши врз основа на унифицирана постапка и обрасци за пријава, одјава и промена во електронска форма. Во овој член е уредена и содржината на обрасците за пријава, одјава и промена. При регистрација на осигурениците ќе се врши задолжителна проверка во Централниот регистар на население за граѓаните на Република Северна Македонија и странците со регулиран претстој, односно во единствениот регистар на даночни обврзници за странците без регулиран претстој во Република Северна Македонија. Регистрацијата на останатите субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување ќе се врши во моментов кога на нив се регистрираат осигуреници, преку преземање на податоци од Трговскиот регистар и регистар на други правни лица, Централниот регистар на население и/или други регистри.

Во членот 18 се уредени регистрационите агенти кои може да биде:

- Институција и друг субјект надлежен за регистрација во РЗСО;
- Обврзникот за пресметка и уплата на придонеси согласно закон кој добил овластување од Управата за пристап и регистрација во РЗСО; и
- Адвокат, сметководител и овластен сметководител кој добил овластување од Управата за пристап и регистрација во РЗСО.

Барањето за добивање на овластување за пристап и регистрација во РЗСО се поднесува електронски, преку ИС на РЗСО, а Управата е должна да ја провери исполнетоста на условите и да одлучи односно да го прифати, одбие или отфрли барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на комплетно барање.

Со членот 19 се регулирани државните органи и институции кои ќе имаат надлежност да вршат регистрација, и тоа: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондотот за пензиското осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за вработување, Агенцијата за

млади и спорт, Управата за извршување на санкции, Комората на трговци на Република Северна Македонија и образовните установи.

Во членот 20 се уредени обврзниците за пресметка и уплата на придонесите како регистрациони агенти за :

- себе;
- свој вработен,
- свој практикант,
- свој извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по основ на работен однос и самовработување,
- свој вработен кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, и
- лице кои стекнува статус на осигуреник врз основа на вработен член на семејството.

Со членот 21 е уредена надлежноста на адвокатите, сметководителите и овластените сметководители како регистрациони агенти.

Со членот 22 е уредено губењето на статус на регистрационен агент

Со членот 23 се пропишува проверка и ажурирање на податоци. Заради размена и ажурирање на податоците по службена должност, РЗСО е поврзан и бесплатно користи податоци од:

- Централниот регистар на население кој го води Министерството за информатичко општество и администрација,
- Трговскиот регистар и регистар на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- Единствениот регистар на даночни обврзници кој го води Управата за јавни приходи,
- Регистарот на субјекти и работни места со стаж со зголемено траење кој го води Министерството за труд и социјална политика,
- Регистарот на согласности за вработување во институциите на јавниот сектор кој го води Министерството за финансии и
- другите регистри, евиденции и бази на податоци кои ги водат институциите и другите субјекти надлежни за регистрација во РЗСО, другите институции и субјекти вклучени во задолжително социјално осигурување и други изворници на податоци, а кои се од значење за задолжителното социјално осигурување.

Размената и ажурирањето на податоците се врши преку МИМ платформата за електронска размена на документи и податоци. Во случај кога постои несовпаѓање на податоците во изворниците со оние во РЗСО, а за тие податоци изворникот е во другата институција или субјект, РЗСО генерира известување за потребата од ажурирање на тие податоци до вработените во Управата кои имаат овластување за проверка и промена на податоците. Управата за јавни приходи ќе биде должна да прави проверка дали пресметката на придонесите за задолжително социјално осигурување одговара на податоците во РЗСО, а во случај кога пресметката на придонесите нема да одговара на податоците во РЗСО ќе стопира уплата на погрешно пресметаните придонеси, се до нивна корекција и совпаѓање со податоците во РЗСО.

Со членот 24 се регулира промената на податоци во РЗСО. Промената на податоци во РЗСО ќе може да се врши врз основа на судска одлука или акт на Државниот инспекторат за труд.

Со членот 25 е регулиран рокот во кој РЗСО ќе мора да ги чува податоците. Управата ќе биде должна да ги чува податоците во РЗСО, како и сите промени најмалку 50 години, сметано од денот на стекнувањето на правата утврдени врз основа на таа тие податоци, но не помалку од 10 години од престанокот на користењето на правата, односно од смртта на осигуреникот под услови и во постапка утврдена со прописите од областа на архивското работење и прописите од областа на заштитата на личните податоци. Податоците за осигуреникот кои не се стекнал

со права од задолжително социјално осигурување, ќе се чуваат најмалку 60 години, сметано од последното внесување на податоците во РЗСО.

Со членот 26 е уредена обврската за ажурирање на податоците. Секој изворник на податоци кој разменува податоци со РЗСО и/или кој разменува податоци со институциите надлежни за задолжително социјално осигурување и другите институции вклучени во задолжително социјално осигурување, ако тие податоци се од важност за РЗСО ќе биде должен да ги ажурира податочните сетови и промените на статусот на податочните сетови од значење за размената и да ги направи достапни тие податоци до соодветната институција.

Со членот 27 е уредена обврската за одржување на РЗСО и системите на кои се обработуваат поединечните бази на податоци за кои се надлежен согласно со закон, да ги воспостави и да ги одржува единствените технолошки стандарди и процеси за користење на податоците од РЗСО, согласно со закон.

Со членот 28 се уредува правото и нивото на пристап до податоци во РЗСО од различни субјекти.

Во глава v се уредени правата и обврските на субјектите кои учествуваат во задолжително социјално осигурување.

Во членот 29 е уредено правото на увид до податоците.

Со членот 30 е пропишана обврска за пријавување на неточно податоци

Глава VI се однесува на имплементација на РЗСО, при што во членот 31 е предвидено министерот за труд и социјална политика да формира работно тело за имплементација на РЗСО ) составено од координатор и 13 член, и тоа:

- координатор на работното тело и еден член од редот на вработените во Министерството,
- двајца членови номинирани од директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија од редот на вработените,
- двајца членови од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија,
- двајца претставници номинирани од директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од редот на вработените,
- двајца членови номинирани од директорот на Управата за јавни приходи од редот на вработените,
- двајца членови номинирани од директорот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од редот на вработените,
- еден член номиниран од министерот за информатичко општество и администрација од редот на вработените на министерството и
- еден член номиниран од директорот на Централниот регистар од редот на вработените.

Со Глава VII е регулирано поврзувањето со РЗСО.

Со Член 32 е пропишана обврска надлежните институции и другите субјекти имаат право да се поврзат со РЗСО и да ги користат податоците од истиот, доколку:

- се поврзани на МИМ платформата за интероперабилност, согласно закон; и
- ги имаат исполнето во целост обврските кои произлегуваат од прописите од областа на заштитата на личните податоци, согласно со закон.

Глава VIII во член 33 го уредува надзорот кој ќе го врши Министерството за труд и социјална политика.

Во  Глава IX во член 34 се пропишани прекршочни санкции/глоби за непочитување на обврските од законот.

Главата  X ги утврдува преодните и завршните одредби.

Во членот 35 е утврден рокот за воспоставување на Управата и именување на директор. Имено Управата ќе биде основана во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон, рок во кој треба да се именува и директорот.

Во членот 36 е пропишан рокот за донесување на подзаконските акти и воспоставување на РЗСО.

Во членот 37 е утврден рокот за формирањето на работните тела за имплементација на РЗСО.

Во членот 38 е регулирано доставувањето на базите на податоци заради воспоставување на РЗСО.

Во членот 39 е пропишана проверката, прочистувањете, усогласувањето и верификацијата на добиените податоци.

Во членот 40 е утврден рокот за усогласување на законите и подзаконските акти кој изнесува 18 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Во членот 41 е регулирана надградбата на другите системи и регистри.

Во членот 42 е уредено влегувањето во сила на законот, кој влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува во рок од 24 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, со исклучок на одредите од Глава II и членот 31 кои ќе започнат со примена во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.